  - Комунална инфраструктура и супраструктура – 505 600 м²
- **Пазар на недвижности**
  - Канцеларии
    - Цени (€/м²) – 1000
    - Закуп (€/м²/год.) - 108
  - Дуќани
    - Цени (€/м² ) – 1200
    - Закуп (€/м²/год.) – 120

[140] Сектор за ЛЕР и ИКР во ОГБ, 2016г.

v. Зони за експанзија во комунална инфраструктура




vi. Зони за експанзија во социјална инфрструктура



## Е. СТРАТЕШКИ ПРИСТАП ВО ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

- Во Декември 2012 година се донесе новиот ГУП за град Скопје за стратешкиот период 2012 – 2022 година.
- Целата територија на градот Скопје се подели на 162 квартови од кои 27 квартови се лоцирани на територијата на ОГБ.
- Квалитативната промена на ГУП 2012 – 2022 година е можноста за зонско планирање во рамките на дефинираните квартови, со следните предност:
  - Ја зголемува флексибилноста и функционалноста на просторот во однос на:
    - Домувањето и јавните инвестиции во т.н. комунална и социјална инфраструктура;
    - Деловната и инвеститорска заедница на ОГБ во однос на поголема флексибилност на капиталот во однос на локацијата и намената;
    - Поефективно уредување на градежното земјиште за таа намена.
- Согласно измените во ГУП-от, во одредени сегменти од територијата на ОГБ ќе пристапиме кон:
  - Регенерирање на просторот со негова пренамена од индустриски во резиденцијален, пред се во потенцијално атрактивните урбани зони;
    - Стратешки и функционален исчекор празните и сиви зони во рамките на територијата на ОГБ да се урбанизираат со носење на нови ДУП-ови во насока на одржлив просторен развој;
    - Поквалитетен живот на жителите на ОГБ;
    - Засилување на економска активност во ОГБ со привлекување на домашни и странски инвеститори што ќе донесе нова додадена вредност со сериозни и позитивни импликации во однос на локалната економија.
- Во оваа насока ќе се продолжи со развој на нови ДУП за четврт и УП за рурални населени места за следните намени:
  - Сектор Домување:
  - Сектор Индустрија и Логистика:
  - Сектор Спорт и рекреација

Во продолжение вкупните м² и потребните финансиски средства за урбанистичко планирање на просторот за ДУП за четврт и УП за руралните населени места:

**Слика 99:** Вкупна површина во ха и вкупен проценет трошок за изработка на ДУП за четврт и УП за рурални населени места[141]




**Слика 100:** Вкупна површина во m² и вкупен проценет трошок за изработка на ДУП за четврт за домување[142]




141 Сектор за урбанизам и градежно земјиште во ОГБ, 2019г.
142 Сектор за урбанизам и градежно земјиште во ОГБ, 2019г.

**Слика 101:** Вкупна површина во м² и вкупен проценет трошок за изработка на УП за руралните населби[143]




**Слика 102:** Вкупна површина во м² и вкупен проценет трошок за изработка на ДУП за четврт за бизнис и индустрија[144]




143 Сектор за урбанизам и градежно земјиште во ОГБ, 2019г.
144 Сектор за урбанизам и градежно земјиште во ОГБ, 2019г.

## F. КАПИТАЛНИ СТРАНИ НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Голема индустриска & бизнис заедница во ОГБ

Изградени примарни гасоводни коридори & Општински имот & Јавни услуги

Регенерирање на индустриски и резидентни зони

Трансферирање на индустријата на периферијата на општина Гази Баба

Големо и квалитетно државно градежно земјиште за урбан развој

Голем развоен потенцијал во руралниот дел на општина Гази Баба

- ОГБ е **специфична општина** поради својот урбан и рурален карактер во исто време. Исто така, нејзиниот карактер како најголема индустриска општина го дефинира нејзиниот иден урбан развој.
- Највисоко богатство на општината се многуте **успешни домашни и странски компании** лоцирани во ОГБ, што претставува стабилна основа за нејзиниот иден економски развој.
- Индустрија **го предизвикува пофункционалниот и поквалитетен урбан живот и развој**, поради што ни е потребна сложена и внимателна регенерација на индустриските зони и пренесување на индустријата на периферијата на општината и градот.
- **Регенерацијата на одделни сиви сегменти** од територијата на општината ќе генерира огромно и квалитетно земјиште за урбан развој на новите и современи населени места со неопходната социјална инфраструктура.
- **Тој процес ќе трае најмалку 20 години.**
- **Огромна територија која се наоѓа во руралниот сегмент** на ОГБ со претежно обработливо земјиште.
- **Огромна можност за развој** (нови населби за индивидуално и колективно домување, нова индустриска зона за лесна и зелена индустрија, консолидација на земјоделско земјиште со цел поодржлив развој и вертикална интеграција на прехранбената индустрија, спортско-рекреативните зони, итн.).

## G. ОГРАНИЧУВАЧКИ СТРАНИ НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА




- **Прво**, за сите рурални населби ќе треба да подготвиме нова урбанистичка документација за руралните населени места и урбанистичка документација за надвор од руралните населени места поради процесот на легализација кој најчесто се однесува на руралните средините.
- **Второ**, огромен дел од индивидуалното домување во руралните населени места немаат градежни дозволи за нивните станбени простории, затоа имаме речиси 18.000 барања за легализација (оваа бројка не се однесува само на куќи, туку и дополнување на главните градби - гаражи, тераси, надградба на куќите, и тоа не само во руралните средини).
- **Трето**, тврдата инфраструктура, особено комуналната инфраструктура или поточно канализационите системи со пречистителна станица за секое населено место, во населените места по должината на реката Вардар (пет населени места со 12000 жители), со што се одложува изградбата на локалната патна инфраструктура во овие рурални населби. Истата ситуација е и во шестте населени места кои се наоѓаат на падините на планината Скопска Црна Гора. Ситуацијата со системите за водоснабдување е таква да има потреба за реконструкција и надградба (главно во некои урбани населби, како некои од руралните населби лоцирани на падините на планината Скопска Црна Гора).
- **Четврто**, сите горенаведени капитални проекти (во насока на обезбедување на тврда инфраструктура) се финансиски многу големи проекти за кои ќе треба стратегија за долгорочен пристап, планирање и имплементација со цел да се одржи ликвидноста и финансиската стабилност на ОГБ во согласност со структурата на буџетот (треба да се промени односот во буџетската структура во корист на капиталните инвестиции) и приливот на општински приходи од страна на многу инструменти (урбан развој, општинска фискална и даночна структура, земјишна администрација, европски фондови, како и привлекување домашни и странски инвеститори).
- **Петто**, во таа насока многу значајно ќе биде соработката и партнерството со централната власт, град Скопје, бизнис заедницата и граѓаните, со цел да се обезбеди оптимална кохезија и соработка во оптимизирање и дефинирање на стратешката визија, цели и насоки.

# 7. ИНФРАСТРУКТУРЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## А. ПРЕГЛЕД НА ИНФРАСТРУКТУРНА ОПРЕМЕНОСТ ПО НАСЕЛЕНИ МЕСТА

| 1. ИНФРАСТРУКТУРНА ОПРЕМЕНОСТ | Железара | Автокоманда | Керамидница | Триангла | Маџари | Хиподром | Хиподром Маџари | Ченто | Трубарево | Гоце Делчев | Јурумлери | Колонија Идризово | Идризово | Инџиково | Сингилиќ | Стајковци | Смилковци | Црешево | Виниче | Булачани | Раштак | Страчинци | Брњарци | ВКУПНО | ПРОСЕЧНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| НАСЕЛЕНИЕ | 5769 | 7895 | 1518 | 5150 | 3218 | 4506 | | 13153 | 2669 | 1405 | 2983 | 451 | 1589 | 3343 | 10762 | 3532 | 345 | 1278 | 175 | 1104 | 367 | 1185 | 395 | 72792 | |
| ЗЕМЈИШНО ЗАФАЌАЊЕ во ха | 29,8 | 21,3 | 44,4 | 41,2 | 60,1 | 16,6 | 24,8 | 171 | 114,9 | 29,12 | 110,4 | 10 | 68,8 | 62,72 | 132,48 | 83,52 | 33,6 | 32 | 54,4 | 65,6 | 68,8 | 12 | 24 | 1312 | 57,0 |
| ПРИСТАП ДО ИНФРАСТРУКТУРА | 1 | 1 | 0,9 | 1 | 1 | 1 | 0,4 | 1 | 1 | 0,7 | 0,7 | 0,8 | 0,6 | 1,0 | 1,0 | 1,0 | 0,7 | 0,7 | 0,7 | 0,7 | 0,7 | 0,6 | 0,5 | | 0,8 |
| локални патишта | 1 | 1 | 0,8 | 0,98 | 0,9 | 1 | 0,3 | 0,9 | 0,8 | 0,8 | 0,8 | 0,8 | 0,7 | 0,9 | 0,9 | 0,9 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0,9 | 0,6 | | 0,9 |
| вода и електрична струја | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0,5 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1,0 |
| заштита од отпадни води | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0,5 | 1 | 0,8 | 0,3 | 0,3 | 0,5 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | 0,5 |
| ПРИСТАП ДО СУПЕРСТРУКТУРА | 0,9 | 1,0 | 0,5 | 0,9 | 0,7 | 0,9 | 0,0 | 0,9 | 0,7 | 0,4 | 0,6 | 0,9 | 0,4 | 0,4 | 0,7 | 0,9 | 0,2 | 0,7 | 0,2 | 0,7 | 0,6 | 0,6 | 0,3 | | 0,6 |
| Основно образование | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | | 0,6 |
| Градинки | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | 0,3 |
| Здравствена заштита | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | | 0,6 |
| Комерцијални објекти | 0,8 | 1 | 1 | 1 | 0,8 | 0,8 | 0 | 1 | 0,8 | 0,5 | 0,8 | 0,8 | 0,3 | 0,5 | 0,6 | 0,8 | 0 | 0,5 | 0,5 | 0,7 | 0,8 | 0,7 | 0,5 | | 0,7 |
| Спортски и рекреативни објекти | 1 | 1 | 0,9 | 1 | 0,8 | 0,8 | 0 | 0,9 | 0,9 | 0,9 | 1 | 0,8 | 0,7 | 0,7 | 0,7 | 0,8 | 0,6 | 0,7 | 0,4 | 0,8 | 0,8 | 0,8 | 0,5 | | 0,8 |
| Култура и млади | 0,8 | 1 | 0,7 | 0,5 | 0,5 | 0,5 | 0 | 0,7 | 0,5 | 0,5 | 0,7 | 0,7 | 0,5 | 0,5 | 0,5 | 0,5 | 0 | 0,7 | 0,7 | 0,7 | 0,7 | 0,5 | 0 | | 0,5 |
| Јавна администрација | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | | 0,9 |
| 2.ИНДИКАТОРИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Густина и Домување | 5811 | 7930 | 1573 | 5207 | 3293 | 4540 | 0 | 13343 | 2802 | 1450 | 3112 | 483 | 1676 | 3427 | 10919 | 3642 | 400 | 1336 | 253 | 1198 | 464 | 1226 | 446 | | 3241 |
| патишта | 5769 | 7895 | 1214 | 5047 | 2896 | 4506 | 0 | 11838 | 2135 | 1124 | 2386 | 361 | 1112 | 3009 | 9686 | 3179 | 345 | 1278 | 175 | 1104 | 367 | 1067 | 237 | | 2901 |
| заштита од отпадни води | 5769 | 7895 | 1518 | 5150 | 3218 | 4506 | 0 | 13153 | 2135 | 421,5 | 894,9 | 225,5 | 0 | 3343 | 10762 | 3532 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | 2718 |
| Објекти | 5439 | 7895 | 781 | 4782 | 2345 | 3927 | 0 | 12401 | 1983 | 582 | 1918 | 406 | 568 | 1289 | 7380 | 3078 | 79 | 895 | 40 | 820 | 225 | 677 | 113 | | 2505 |
| 3. РЕЗУЛТАТИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Густина и Домување | 4 | 4 | 1 | 4 | 3 | 4 | 0 | 4 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 4 | 2 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 4 | 1 | | 2 |
| патишта | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 4 | 0 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 | | 4 |
| заштита од отпадни води | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 4 | 0 | 4 | 3 | 1 | 1 | 2 | 0 | 4 | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | 2 |
| Објекти | 4 | 4 | 2 | 4 | 4 | 4 | 0 | 4 | 3 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 0 | 3 | 1 | 3 | 2 | 2 | 1 | | 3 |
| ФИНАЛЕН РЕЗУЛТАТ | 16 | 16 | 9 | 16 | 15 | 16 | 0 | 16 | 10 | 8 | 8 | 11 | 5 | 11 | 15 | 14 | 5 | 9 | 5 | 8 | 6 | 10 | 5 | | 10 |

**Табела 37:** Матрица на инфраструктур на опременост во општина Гази Баба по населени места
**Извор**: Сектор за локален економски развој на ОГБ , 2019г.
**Концепт**: URBAN AUDIT - ISPI модел на Светска Банка

**Табела 37**[145]

145 Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, Urban Audit на ОГБ, 2019г.

i. Методолошко објаснување

1. Броевите од 0 до 1 во ISPI Табелата претставуваат оценки, каде нула (0) значи најниско или воопшто нема инфраструктура или комунална услуга, додека еден (1) значи највисоко или населеното место има целосни комунални услуги.
2. Показателот за густина и домување  е добиен како резултат на делење помеѓу бројот на жителите на населеното место со зафатеноста на земјиштето, и се подразбира простор или зафатеност на просторот на кој живееат граѓаните во населените места, односно ја изразува густината на населението врз хектар површина и колку истите користат услуги од општината, додека вредностите на другите показатели се добиени со множење на бројот на жителите на населниото место со оценката за патишта, заштита од отпадни води и објекти.
3. Врз основа на Пописот и Показателите се добиени резултатите кои претставуваат крајни оценки за услугите кои ги добиват граѓаните на населените места. Крајниот резултат е добиен како збир од крајните резултати на показателите: Густина и домување, патишта, еколошко санитарни услуги и објекти.
4. Оценки дадени како резултати претставуваат вредности каде што нула (0) значи најниско или 10 % има пристап до услуга, додека 1 (еден) значи до 30 % население користат услуга, 2 (два) значи 50 % население користат услуга, 3 (три) значи 70 % користи услуга, додека 4 (четири) значи 100 % население користат услуга.

**Табела 38:** Рангирање на населените места според приоритет за инфраструктурно опремување, 2019г.[146]

| | Населби - Урбани и Рурални | Бодови |
|---|---|---|
| 1 | Хиподром Маџари - II | 0 |
| 2 | Брњарци | 5 |
| 3 | Виниче | 5 |
| 4 | Идризово | 5 |
| 5 | Смилковци | 5 |
| 6 | Раштак | 6 |
| 7 | Булачани | 8 |
| 8 | Јурумлери | 8 |
| 9 | Гоце Делчев | 8 |
| 10 | Црешево | 9 |
| 11 | Керамидница | 9 |
| 12 | Трубарево | 10 |
| 13 | Страчинци | 10 |
| 14 | Колонија | 11 |
| 15 | Инџиково | 11 |
| 16 | Стајковци | 14 |
| 17 | Маџари | 15 |
| 18 | Сингилиќ | 15 |
| 19 | Хиподром | 16 |
| 20 | Ченто | 16 |
| 21 | Маџари Триангла | 16 |
| 22 | Железара | 16 |
| 23 | Автокоманда | 16 |

- Пристап до инфраструктура во ОГБ во **80**% од територијата на сите населени места:
  - Урбани населени места имаат **91**% пристап до инфраструктура;
  - Руралните населени места се во рангот на **73**% од својата територија со пристап до инфраструктура;
  - Сите населени места во ОГБ се со **100**% пристап со вода и електрична енергијаl;
  - Урбаните населени места се со **94**% пристап до одводен систем за заштита од отпадни води,
  - Руралните населени места Инџиково, Сингилиќ и Стајковци се со **100**% пристап до одводен систем за заштита од отпадни води,
  - Со **80**% пристап до одводен систем за заштита од отпадни води е населеното место Трубарево;
  - Сите останати руралните населени места покрај реката Вардар и на падините на Скопска Црна Гора се без пристап до одводен систем за заштита од отпадни води;
    - Тука би ја издвоиле и новата населба Хиподром II која е во процес на инфраструктурно опремување кое ќе трае неколку години;
- Пристап до суперструктура имаат **60**% од сите населени места во општина Гази Баба;
  - Урбаните населби имаат **74**% пристап до суперструктура;
  - Руралните населби имаат **56**% пристап до суперструктура;

- Густината населеност во општина Гази Баба изнесува **57** жители на хектар;
- **64252** жители одат по стандардна инфраструктура за патишта.
- **60868** жители имаат пристап до одводни системи за заштита од отпадни води;
- **57175** жители имаат пристап до суперструктура;
- На основа на поединечните индикатори за секое од населените места во општина Гази Баба истите се бодуваат согласно методологијата на Светска Банка за алатката URBAN AUDIT;
- Конечните резултати точно ја отсликуваат состојбата со инфраструктурно опремување во ОГБ;
- Табелата за рангирање на населените места согласно приоритетот за инфраструктурно опремување, а врз основа на бодираните индикатори, во преден план ги става руралните населени места;
- Инфраструктурните приоритети главно се во сегментот на пристап до инфраструктура (фекални канализации и пречистителни станици) и пристап до суперструктура (училишта, детски градинки и комерцијални објекти, здравствена заштита).

[146] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, Urban Audit на ОГБ, 2019г.

### ii. НЕДОСТАТОЦИ И ПОТРЕБИ

Од недостатоците и потребите идентификувани во текот на анализата и спроведувањето на ISPI табелата состојбата е како што следува:

- Изградба на примарниот канализациски колектор за руралните населба по должината на реката Вардар (Трубарево, Гоце Делчев, Јурумлери, Колонија Идризово, Идризово, како и населбите на падините на планината Скопска Црна Гора ( Смилковци, Црешево, Виниче, Страчинци, Булачани, Раштак). Изградбата ќе придонесе позитивни ефекти за населението во таа рурална област и тоа: ефекти врз животната средина и екологијата, финансиски ефекти и се разбира, ефект врз локалниот економски развој. Сите овие аспекти ќе го зголемат квалитетот на живот на локалните граѓани, ќе го спречат загадувањето на подземните води и почвата, ќе се плаќа помала еколошка цена за фекалните води со такво решение и ќе ја интензивираат и забрзаат економската активност во таа област која ќе произведе динамичен локален економски развој базиран на соодветното просторно планирање, земајќи го предвид високиот еколошки стандард како начин за создавање на подобра конкурентност на бизнисите.

- Изградба на инфраструктура (локални патишта, секундарни канализациони и водоснабдителни системи, електрификација, гасификација и сл.) во новата планирана населба Хиподром Маџари II и подготовка на градежното земјиште со цел да се обезбеди парична вредност за продадените градежни парцели за поединечни куќи или колективни згради на инвеститори. Новите населби се проектирани за 4000 жители, со сите планирани објекти. Планираме целиот проект да се развива чекор по чекор (во развојот на неопходната инфраструктура). Досега ја развивме 1/3 од потребната комунална инфраструктура во партнерство со градот Скопје.

- Од табелата ISPI јасно ја откриваме потребата за изградба на две нови градинки во руралната област, во која во моментов имаме само една градинка во населелно место Јурумлери. Веќе започнавме со изградба на новата градинка во населено место Стајковци која планираме да ја завршиме до средината на 2020 година, која треба да ги покрива потребите на жителите од шесте населени места кои се лоцирани во подножјето и падините на планината Скопска Црна Гора. На тој начин ќе добиеме подобри услови за децата од предучилишна возраст на родителите во таа област. Исто така планираме во текот на 2020 година да изградиме уште една градинка и во руралниот дел од ОГБ кој се простира на територијата помеѓу автопатот А2 и реката Вардар, за 6 населени места кои се лоцирани во тој територијален опсег. Ние сме сигурни дека тоа ќе создаде подобар квалитет на живот за целата рурална област, како и за зголемување на виталноста на населението кое живее во таа област. Тоа, се разбира, ќе влијае на нивната желба да останат во таа област, со долгорочни влијанија за локалниот развој на таа област.

- Изградба на нова зграда на основно училиште Крсте Мисирков лоцирана во населбата Ченто. Ова училиште е во многу лоша состојба, изградена по скопскиот земјотрес во 1963 година, требаше да трае само привремено, но постои повеќе од 50 години. Во координација со Министерството за образование и Владата на РСМ, планираме до крајот на 2025 година да изградиме нова училишна зграда и за ова ОУ. Со тоа во делот на основното образование целосно ќе ги задоволиме потребите за квалитетна физичка инфраструктура во

основно образование, и целосно ќе ги оствариме нашите стратешки определби за изградба на три нови училишни згради (ОУ Григор Прличев и ОУ Вера Јоциќ имаат веќе изградени нови училишни згради – останува уште новата училишна зграда на ОУ Крсте Мисирков) .

- Ние сме во процес на детектирање на интерес во деловната заедница за изградба на нова општинска зграда за јавниот партнер и изградба на станбено - деловна и комерцијална зграда за приватниот партнер. Концептот ќе биде процес со продажба на државното градежно земјиште, а приватниот инвеститор ќе има обврска да ја развие општинската зграда во период не подолг од 24 месеци.

### iii. Проекти за урбан развој

- Веќе споменавме дека ОГБ е специфична општина како комбинација на урбани и рурални населби. Тоа, секако, прави многу препреки поради природата на различните трендови со кои треба да се соочиме и да ги спроведеме во урбаните и руралните населби. На пример, урбаните трендови главно се фокусираат на пософистицираниот урбан контекст кој се состои од енергетски ефикасни згради, училишта, детски градинки и улично осветлување, пошироки и функционални патишта, улици, булевари, подобра и поефикасна јавна чистота на урбаните области , подобар и еколошки јавен превоз, реконструкција на веќе престари колектори за канализација и водоснабдување со поголем капацитет на цевоводот за идниот развој на станбениот и деловниот сектор во урбаните средини.

- Исто така, ни е потребна територијална регенерација на старите индустриски зони со нови просторни планови кои ќе одговараат на новите потреби на бизнисите. Исто така, разгледуваме во долгорочен период од 20-30 години за дислокација на тековните индустриски зони на периферијата на општината, отворање на квалитетно земјиште за станбени зони и придружни објекти за надградба, со акцент на почитување на евроспките стандарди за заштита на животната средина и зелени површини кои ќе му дадат похуман третман на просторот.

- Веќе го усвоивме новиот детален урбанистички план за новата индустриска зона на северната заобиколница на градот Скопје кој обезбедува одлична основа за дислокација на индустриските капацитети лоцирани во урбаните средини во моментот. Но, тој процес како што споменавме погоре ќе трае неколку децении во иднина. Како урбан тренд во денешно време во ОГБ исто така многу е атрактивен, проектот ИСТ ГЕЈТ со фокус на смарт сити концептот - green резидентни зони, деловни објекти и објекти за забава и шопинг, конференциски и конгресни настани и сл.

- Исто така, кога зборуваме за урбаните трендови, не можеме да го заборавиме развојот на новите населби главно за индивидуалното домување, лоцирани на периферијата на градот, отворајќи ги руралните области за проекти од ваков вид.

- Развој на спортски и рекреативни центри со фокус на сите објекти неопходни за тој карактер, земајќи го предвид динамичниот начин на живеење, со цел да се зголеми квалитетот на животот и да се создаде основа за поодржлив развој, врз основа на новата визија за идните потреби на пазарот во таа област.

- Од друга страна, во руралните населби, трендот на раст главно е фокусиран на неразвиеното земјиште кое главно се наоѓа таму. Во таа насока, трендот на раст во руралните области се фокусира во неколку насоки:
    - развој на нова индустриска зона за лесни и логистички незагадени индустрии,
    - развој на нови населби за индивидуално домување,
    - развој на нови примарни и секундарни фекални мрежи со постројки за третман на отпадните води за секоја рурална населба,
    - развој на објекти за надградба со цел да се зголеми квалитетот на животот и да се задржат луѓето да живеат во овие области, зајакнување на економските активности и интерес на инвеститорите за инвестирање во овие рурални области,
    - Најважно е да се имплементира современо просторно планирање во сите овие рурални населби, каде најголем дел од индивидуалното домување е изградено без дозвола за градба (речиси 80% од сите прифатени барања за легализација доаѓаат од руралните населби).
- Се разбира, овој процес ке биде забавен од процесот на легализација до нејзиното финализирање односно ќе го забави процесот на имплементација на новите просторни планови за руралните населби. Ова се однесува главно за индивидуално домување во руралните населби, но не и за просторни планови надвор од руралната населба, каде што се планира поголемиот дел од горенаведените инвестициски проекти.
- Во декември 2012 година, Советот на Град Скопје го усвои новиот Генерален урбанистички план за стратешкиот период 2012-2022 година, каде што главна квалитативна промена е имплементација на зонското планирање. Територијата на градот Скопје е поделена на 162 четвртни блокови каде што ќе се спроведува зонско планирање со процентуално учество на различни урбанистички класи на намена. Во таа насока ние како ОГБ треба да ги прилагодиме нашите сегашни детални урбанистички планови за новите планови за зонирање на зони (ние веќе донесовме 10 ДУП-ови, а нови 22 планови се прилагодени според новиот територијален концепт на четвртни блокови и зонирање).
- Го имплементираме системот за географски информациони системи. Тој е еден од нашите стратешки проекти каде ги интегриравме сите наши бази на податоци (подземна инфраструктура, објекти и инсталации и сл.). Ќе го забрзаме процесот на делување на секторот урбанизам, ќе го направиме нашиот систем потранспарентен и видлив за продуктивна интеракција со сите заинтересирани страни, домашни и странски инвеститори како и жителите на ОГБ. Почнувајќи од јануари 2020 година системот е операбилен и достапен и за пошироката јавност.

### iv. Критериуми за квалификување и за приоритет на проектите

Во графиконот што следува се прикажани приоритетни барања од различен карактер, кои се произлезени од состаноците со месното население од секоја месна заедница поединечно.
Врз основа на нив, во графиконот е извршено и нивно приоретизирање.

Од населението ги добивме следните информации за потреби за јавни услуги кои се сумирани во графиконот:

**Слика 103**: Приоритет на жителите во руралните населени места во ОГБ за урбанизација и капитални инвестиции[147]




[147] Citizen Report Card на општина Гази Баба - Центар за економски анализи, **2019 година** (финансиски помогнато од Светска Банка Програмата за урбано партнерство)

| Сектори | | Предмет | СОПСТВЕНИЦИ | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Општина | | Град Скопје | | Влада на РМ | | ЈКП Гази Баба 2007 | | ЈП на град Скопје | | ЈП на Влада на РМ | | Приватни субјекти | |
| | | | Нови работи | Одржување | Нови работи | Одржување | Нови работи | Одржување | Нови работи | Одржување | Нови работи | Одржување | Нови работи | Одржување | Нови работи | Одржување |
| 1 | Инфраструктура | Улици Автопати | | | | | x | | | | | | x | x | | |
| | | Примарни улици | | | x | | | | | | x | x | | | | |
| | | Секундарни улици | x | x | | | | | | | | x | | | | |
| | | Атмосферска канализација | x | | | | | | | | x | x | | | | |
| | | Цврст отпад | | | | | | | | | x | x | | | | |
| | | Street Lighting | x | x | x | x | | | | | | | | | | |
| 2 | Јавни Комунални Претпријатија | Електрична струја | | | | | | | | | | | x | x | x | x |
| | | Водоснабдување | x | | | | | | | x | x | x | | | | |
| | | Отпадни води | x | | | | | | | x | x | x | | | | |
| | | Урбан транспорт | | | | | | | | | x | x | | | | |
| | | Парно греење | | | | | | | | | | | x | x | x | x |
| | | Друго | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | Услуги | Образование | x | x | x | x | x | | | | | | | | | |
| | | Здравство | | | | | x | x | | | | | | | x | x |
| | | Социјална заштита | | | | | x | x | | | | | | | | |
| | | Култура | x | x | | | x | x | | | x | x | | | x | x |
| | | Зелени површини | x | | | | | | | x | x | x | | | | |
| 4 | Развој на земјиште | Домување | x | | | | | | | | | x | | | x | |
| | | Индустрија | x | | | | | | | | | x | x | x | x | x |
| | | Урбана обнова | x | x | x | | | | | | | x | x | | x | x |

Табела 39:[148]

**Табела 39:** Матрица на носители на секторски инфраструктурни услуги и работи
**Извор**: Сектор за локален економски развој на ОГБ , 2019г.
**Концепт**: URBAN AUDIT – Светска Банка

[148] Сектор за ЛЕР и ИКР во ОГБ, Urban Audit на ОГБ, 2019г.

## В. ТРАНСПОРТНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Патната мрежа во Скопскиот регион ја сочинуваат: магистралните, регионалните и локалните патишта. Низ територијата на Скопскиот регион поминуваат 122,67 km магистрални патишта, од кои 71,63 km се во состав на системот на европската патна мрежа. Магистралните и регионалните патишта во Скопскиот регион имаат вкупна должина од 361,46 km од кои 339,74 km се асфалтирани, 5,17 km се со макадамска коловозна конструкција, а останатите 16,55 km се со земјана подлога, или се непробиени патишта.
- Општина Гази Баба претставува комуникациска и транспортна порта на градот Скопје. Низ неа поминуваат главните транспортни и комуникациски коридори. Општината е значајно комуникациско средиште на домашни и меѓународни сообраќајници како транспортниот коридор VIII (Исток - Запад: Тирана - Скопје –Софија - Варна) и коридорот X (Југ - Север: Атина – Скопје - Белград).
- Магистрални патни правци кои минуваат низ Општина Гази Баба:
  - – М-3 - (9,8 км), Крстосница Петровец крстосница – Хиподром – Скопје - граница со Р. Косово (Блаце) (Е-65),
  - – М-4 - (18 км), Крстосница Миладиновци - крстосница Хиподром - Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Подмоље - Струга - граница со Р. Албанија (Ќафасан) (Е-65, Е-852)
- Краци на магистрални патни правци кои минуваат низ Општина Гази Баба:
  - – К1 - М3 – Скопје - Црешево врска со М3. Должината на овој крак во Скопскиот регион изнесува 10,62km и целосно е асфалтиран.
- Според податоците од Генералниот Урбанистички План на Град Скопје, вкупната должина на планираната примарна патна мрежа во Скопје изнесува 270 km. Од тоа 37,5% се магистрални патишта и брзи улици, додека 62,5% се собирни улици. Развојот на планираната примарна патна мрежа не го следи трендот на урбаниот и стопанскиот развој на градот, поради што се јавуваат неповолни сообраќајни услови, особено во потесното централно градско подрачје.
- За Скопскиот регион општиот степен на моторизација изнесува 239,72 возила/1.000 жители, односно парцијалниот степен на моторизација е 212,38 возила/1.000 жители, односно 4,17 жители на 1 возило.
- Должината на сообраќајниците во општините на Град Скопје изнесува 919,16 km, од кои на Општина Гази Баба припаѓаат 15.850 m. Општина Гази Баба со градот и со соседните општини е поврзана преку четири булевари (Александар Македонски, Киро Глигоров, Методија Андонов – Ченто, и планираниот но не изграден булевар Хрватска).
- Сервисно – станбени улици во Општина Гази Баба има вкупно 208 во должина од 114.350,00 m.
- Железничка пруга која минува низ територијата на општина Гази Баба во должина од околу 30км, со пристапи до двете постојни зони – Источна Индустриска Зона и Индустриски парк Железара, како и железнички полигон во Трубарево.
- На 15км од општина Гази Баба е лоциран аеродромот Скопје со сегмент за патници и сегмент за карго транспорт. Аеродромот Скопје е поврзан со преку 30 дестинации.

**Слика 104**: Магистрални, собирни и сервисно - станбени улици во општина Гази Баба[149]




[149] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, Google Maps – 2018г.

**Табела 40**: Магистрални и собирни улици во Општина Гази Баба[150]

| Собирни улици | Магистрални улици |
|---|---|
| Благоја Стефковски | Булевар Александар Македонски |
| Индустриска 1 | Булевар Киро Глигоров |
| Јужноморавски  Бригади | Булевар Методија Андонов – Ченто |
| Маџари | |
| Перо Наков | |
| Радован Ковачевиќ | |
| 16 Македонска Бригада | |

**Табела 41:** Сервисно – станбени улици во Општина Гази Баба[151]

| Сервисно станбени улици |
|---|
| Алија Авдовиќ |
| Архимедова |
| Боро Тодоровиќ |
| Жан Жорес |
| Јани Лукаровски |
| Коце Металец |
| Трифун Хаџи Јанев |
| Финска |
| Христо Ботев |

150 ЈП Улици и Патишта, град Скопје 2016г.
151 ЈП Улици и Патишта, град Скопје 2016г.

**Слика 105** : Магистрални улици, регионални улици и автопати кои поминуваат низ општина Гази Баба[152]




---

[152] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, Google Earth – 2018г.

**Слика 106**: Главните патни коридори со кои е поврзана општина Гази Баба[153]




153 South East Europe Transport Observatory, 2013г.

**Слика 107**: Главните железнички коридори со кои е поврзана општина Гази Баба [154]




154 South East Europe Transport Observatory, 2013г.

**Слика 108**: Регионални аеродроми и пристаништа во близина на општина Гази Баба[155]




155 South East Europe Transport Observatory, 2013г.

## C. ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

- Енергетската инфраструктура во Скопје ја сочинуваат: електричната, топлотната и гасоводната инфраструктура.
- Градот Скопје се снабдува со електрична енергија од електроенергетскиот систем на Р. Македонија, поврзан преку четирите примарни трафостаници, од каде се врши пренос на енергија до корисниците и поврзување со соседните електро системи.
- Населените места на територијата на Град Скопје се 100% електрифицирани, но квалитетот и квантитетот на електричната енергија не ги задоволува потребите.
- Снабдувањето со електрична енергија во Општина Гази Баба се врши од електроенергетскиот систем на РС Македонија и сите населени места се снабдени со стабилен напон од електроенергетската мрежа.
- Напојувањето со електрична енергија на општината се врши преку 320 трансформаторски постројки од различни напонски нивоа кои се распределени низ територијата на општината.
- Во рамките на општината постојат неколку извори за производство на електрична енергија и топлинска енергија:
    - Централното затоплување на домовите во поодделни населби е дел од топлификационата мрежа на „Балкан Енерџи Груп” АД Скопје,
    - „Елем Енергетика“,
    - Мал дел ги користат услугите на дистрибутерите на нафтени деривати како рафинерија „Окта“, „Макпетрол“, „Лукоил“, и сл.
- Системот на топлификација ги опфаќа топланите на Производство на топлина Балкан Енерџи АД Скопје (топлана „Исток“ и топлана „Запад“), топлана 11 Октомври, како и топланата „Север“ на Топлификација АД Скопје, како и соодветна топлификациона мрежа со вкупната должина од 170 km и повеќе од 2.350 редукциони станици.
- Со системот се опфатени околу 33% од вкупниот број домаќинства во Скопје (околу 51 илјада домаќинства), со вкупна површина од 2.740.000 m2. Од останатите домаќинства кои не се приклучени на централниот систем, 4% се со сопствена инсталација, додека 63% се без сопствена инсталација.
- Во Општината е изведен дел од гасификациониот систем наменет пред сè за потребите на енергетските и индустриските објекти. Гасоводниот систем се состои од две технолошки целини со различни основни функции, режими на работа и работни притисоци:
    - магистрален гасовод со разводните гасоводи и
    - градските гасоводни мрежи.
- Магистралниот гасовод кај блок станицата Скопје – Југ се разгранува на два разводни гасоводи:
    - Разводните гасоводи се со капацитет од по70.000 m3/час.
    - На крајната точка на секој разводен гасовод направени се Главни Мерно Регулациони Станици - ГМРС,
    - Нивна основна функција е преку редукција на притисокот да се воспостави режимот на работа на градски мрежи и воедно да се контролира и мери количината на гас која се испорачува на потрошувачите.
    - За потребите на градот Скопје направени се две ГМРС, Скопје - Север во близина на индустрискиот парк “Железара” и
    - Скопје - Југ во близина на “Охис”.
    - Во Скопје изведена е градска гасоводна мрежа со вкупна должина од 19.170 m, со соодветен дијаметар од Ø530 mm до Ø108 mm.
- Општината има значителен потенцијал за примена на мерки за зголемување на енергетската ефикасност, кај објектите кои се во нејзина надлежност: основни училишта и градинки (внатрешна и надворешна изолација, промена на дотраени прозорци), како и замена на светилки за улично осветлување (неефикасни и дотраени светилки со енергетски ефикасни). Преку спроведените мерки вкупно заштедената енергија би изнесувала 4.261,63 MWh/y што ќе претставува 11,1% од вкупно предвиденото ниво за заштеда на енергија во 2014 година со Националниот Акционен План за Енергетска Ефикасност.
- Крајните резултати треба да донесат 36,4% заштеда за енергетски трошоци за Општина Гази Баба во 2020 година, преку намалена емисија на штетни супстанции во воздухот.

**Слика 109**: Гасоводни магистрални коридори во општина Гази Баба, 2018г.[156]



[156] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, 2018г.

**Слика 110** : Енергетските капацитети на ТЕ-ТО, Скопје[157]



- ТЕ-ТО АД Скопје е најголемиот независен производител на енергија во Македонија кој управува со гасната електрана со комбиниран циклус на производство на електрична енергија и топлина (ТЕ-ТО)
- Капацитет од 220 MW електрична енергија и 160 MW топлинска.
- БЕГ е задолжена да обезбеди помош во управувањето со електраната и нејзина интеграција во регионалниот и локалниот пазар на природен гас, електрична енергија и топлина со оптимизација на придобивките согласно пазарните можности.

[157] Балкан Енерџи Груп, 2016г.

**Слика 111**: ЕЛЕМ Енергетика - Когенеративна постројка за производство на топлинска енергија [158]



**Извор**: ЕЛЕМ Енергетика, 2016 година

- Електроенергетскиот систем на АД ЕЛЕМ – Подружница „Енергетика“ ги опслужува само корисниците во индустрискиот комплекс „Железарница“, додека топловодниот систем ги опслужува корисниците во Железарница и корисниците од скопските населби Автокоманда, Железара, Триангла, Маџари и Хиподром.
- Електроенергетски капацитети работат постојано и се одржуваат деноноќно.
- Во текот на 2016 година произведени 1,2 GWh електрична енергија и дистрибуирани вкупно 216,4 GWh електрична енергија за корисниците во индустрискиот комплекс „Железарница“ (Макстил, Митал ХРМ, Митал ЦРМ, Скопски легури и др.).
- Топлински капацитети работат постојано во периодот на грејната сезона и се одржуваат деноноќно. Во текот на 2016 година се произведени и дистрибуирани 54,7 GWh топлинска енергија за крајните корисници.

- Основната дејност на АД ЕЛЕМ – Подружница „Енергетика“ е производство, дистрибуција и снабдување на корисниците со електрична и топлинска енергија како регулирани дејности, и производство, дистрибуција и снабдување на корисниците со технолошка пареа и напојна вода како нерегулирани дејности.
- Производствените капацитети се сместени во индустрискиот комплекс „Железарница“- Скопје и датираат од далечната 1967 година. Во 1997 година ги презема АД ЕСМ, а потоа со реструктуирањето на компанијата во 2005 година се дел од АД ЕЛЕМ.
- Електроенергетскиот систем на АД ЕЛЕМ – Подружница „Енергетика“ располага со когенеративна постројка, две трафостаници, ТС „Север“ 110/6 kV и ТС „Југ“ 110/35/6 kV кои што се напојуваат со електрична енергија од ТС „Скопје 1“ со 2 двосистемски далноводи.

[158] Елем Енергетика, 2016г.

## D. ИНФРАСТРУКТУРА ВО ИНДУСТРИСКИТЕ ЗОНИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Слика 112**: Индустриски комплекс Железара во општина Гази Баба, 2018 година[159]




**Индустриска зона – ЖЕЛЕЗАРА**

- **Основана во 1968** како металургиски комплекс;
- Комплетно изградена инфраструктура;
- Железничка и сообраќајна поврзаност со коридорите 8 и 10;
- Енергетска мрежа и Гасоводен цевковод поврзан со зоната;
- Проблем со управување и одржување на комуналната, сообраќајната, енергетската и гасната инфраструктура;
- Пробивање на булеварот Хрватска и поврзување со булеварот Христијан Тодоровски Карпош;

[159] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, 2018г.

**Слика 113**: Источна индустриската зона во општина Гази Баба, 2018 година[160]




**Источна индустриска зона**

- **Основана пред седум децении;**
- Изградена комунална, сообраќајна, енергетска и гасоводна мрежа;
- Одлична железничка и патна поврзаност со патните коридори A2 и A4;
- Проблеми со управување и одржување на инфраструктурата во индустрискиот парк МЗТ;
- Потреба од проширување на улица Перо Наков до степен на булевар;
- Потреба од изградба на булеварот Индустриска со цел побрз транспорт на компаниите од зоната;

[160] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, 2018г.

**Слика 114**: Индустриска зона на Северната заобиколница, општина Гази Баба 2018 година[161]



**Индустриска зона Северна Заобиколница**

- Нова гринфилд зона распространета на 284 ха од двете страни на заобиколницата, помеѓу клучка Хиподром и клучка Арачиново;
- Фокус на лесна незагадувачка индустрија, логисточка и транспортна индустрија, бизнис и трговија;
- Низ зоната поминува гасоводен примарен цевковод;
- На само 7 км оддалеченост од аеродромот и центарот на градот;
- Брз пристап до пазарите во соседните земји;
- Одлична сообраќајна поврзаност со транспортните коридори 8 и 10;
- Потреба од изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во

[161] Сектор за урбанизам и градежно земјиште на ОГБ, 2018г.

# Е. СТРАТЕШКИ ПРИСТАП ВО ИНФРАСТРУКТУРНИОТ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Во наредниот стратешки период од четири години акцент ќе биде ставен на финализирање на неколку стратешки проекти од сферата на инфраструктурата:

- Изградба на гасификациона дистрибутивна мрежа до јавните објекти во сопственост на локалната самоуправа, градот Скопје и Владата на РМ до крајот на 2022 година;
- Во соработка со градот Скопје и Владата на РМ ќе се отпочне со изградба на гасификациона дистрибутивна мрежа во оние резидентни зони во кои ќе има интерес од жителите на ОГБ;
- Изградбата и доизградба на фекалалните мрежи со пречистителни станици за потребите на 9500 жители во населените места Трубарево, Гоце Делчев, Јурумлери, Колонија, и Идризово, до крајот на 2025 година. Ќе се оди со концептот на мали пречистителни станици;
- Изградба на секундарната водоводна, атмосферска и фекална мрежа со патна инфрструктура во новата населба Хиподром II, за потребите на 1000 домаќинства;
- Реконструкција и подобрување на водоводната мрежа во неколку населби и населени места, како и решавање на проблемите со водоснабдувањето во т.н. високи и ниски зони;
- Изведба на секундарните фекални мрежи со мали пречистителни станици за 4684 жители во населените места Раштак, Булачани, Црешево, Смиљковци, Страчинци и Брњарци до крајот на 2025 година;
- Асфалтирање на делница од улица Индустриска во источната индустриска зона,
- Во соработка со град Скопје изградба на детелинка на мостот кај Агросервис и крстосницата на булевар Александар Македонски и улица 16 Македонска Бригада (кај воената зграда);
- Во соработка со град Скопје изградба на мост на потегот помеѓу Керамидница и Аеродром;
- Изградба на клучка во населното место Јурумлери над автопатот А1 (Е-75) во соработка со Влада на РМ;
- Воспоставување на ЈПП за улично осветлување со примена на паметен систем за управување и мониторинг;.
- Проширување на улицата Перо Наков на ниво на булевар во соработка со град Скопје;
- Изградба на патна и комунална инфрструктура во индустриска зона северна заобиколница;
- Изградба на булевар Пролетна Офанзива во соработка со град Скопје;
- Изградба на булевар Хрватска со пропратната комунална инфраструктура во соработка со град Скопје;
- Изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура за комплекс ИСТ ГЕЈТ во соработка со град Скопје;
- Изградба на патна конекција и комунална инфраструктура за комплекс СРЦ Хиподром – Забава, Рекреација, ВЕЛНЕС во соработка со град Скопје;
- Изградба на водоснабдителен примарен цевковод за Хиподром 2 и индустриска зона Северна Заобиколница во соработка со град Скопје;
- Реконструкција на примарен цевковод за водоснабдување и отпадни фекални води за улица Лазар поп Трајков;

**Табела 42**: Стратешки проекти во општина Гази Баба од стратешко значење за град Скопје[162]

| Проекти | Период на имплементација | Проценета инвестициона вредност (во ЕУР) | ОГБ | Град Скопје | Влада на РМ |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | % учество во финансиска конструкција | | |
| Проширување на улицата Перо Наков на ниво на булевар | 2021 | 500.000,00 | / | 100 % | |
| | 2022 | 500.000,00 | | | |
| | 2023 | 1.000.000,00 | | | |
| **Вкупно** | | **2.000.000,00** | | **2.000.000,00** | |
| Изградба на патна и комунална инфрструктура во индустриска зона Северна Заобиколница | 2021 | 2.000.000,00 | 20% | 40% | 40% |
| | 2022 | 2.000.000,00 | | | |
| | 2023 | 2.000.000,00 | | | |
| | 2024 | 2.000.000,00 | | | |
| **Вкупно** | | **8.000.000,00** | **1.600.000,00** | **3.200.000,00** | **3.200.000,00** |
| Изградба на булевар Пролетна Офанзива | 2021 | 2.000.000,00 | | 100 % | |
| | 2022 | 2.000.000,00 | | | |
| | 2023 | 3.000.000,00 | | | |
| | 2024 | 3.000.000,00 | | | |
| **Вкупно** | | **10.000.000,00** | | **10.000.000,00** | |
| Изградба на булевар Хрватска | 2022 | 1.000.000,00 | | 100 % | |
| | 2023 | 1.000.000,00 | | | |
| | 2024 | 2.000.000,00 | | | |
| | 2025 | 2.000.000,00 | | | |
| **Вкупно** | | **10.000.000,00** | | **10.000.000,00** | |
| Изградба на инфраструктура за комплекс ИСТ ГЕЈТ | 2020 | 4.000.000,00 | 40% | 60 % | |
| | 2021 | 2.000.000,00 | | | |
| | | | | | |
| **Вкупно** | | **6.000.000,00** | **2.400.000,00** | **3.600.000,00** | |
| Изградба на патна конекција и комунална инфраструктура за комплекс СРЦ Хиподром – Забава, Рекреација, ВЕЛНЕС | 2020 | 500.000,00 | 40% | 60 % | |
| | 2021 | 500.000,00 | | | |
| | 2022 | 1.000.000,00 | | | |
| **Вкупно** | | **2.000.000,00** | **800.000,00** | **1.200.000,00** | |
| Изградба на водоснабдителен примарен цевковод за Хиподром 2 и инд зона Северна Заобиколница | 2021 | 1.000.000,00 | 40% | 60 % | |
| | 2022 | 1.000.000,00 | | | |
| | 2023 | 1.000.000,00 | | | |
| **Вкупно** | | **3.000.000,00** | **1.200.000,00** | **1.800.000,00** | |
| Реконструкција на примарен цевковод за водоснабдување и отпадни фекални води за улица Лазар поп Трајков | 2021 | 250.000,00 | 40% | 60 % | |
| | 2022 | 250.000,00 | | | |
| | 2023 | 500.000,00 | | | |
| **Вкупно** | | **1.000.000,00** | **400.000,00** | **600.000.00** | |
| **ВКУПНО** | | **42.000.000,00** | **6.400.000,00** | **32.400.000,00** | **3.200.000,00** |

[162] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, 2019г.

# 8. КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Табела 43:** Капитални средства на општина Гази Баба[163]

| ОПИС | м² / км¹ / Возила / Светилки |
|---|---|
| ***Развиена површина - м²*** | ***163616*** |
| *Згради на ОУ* | *35736* |
| *Спортски сали на ОУ* | *3455* |
| *Градинки* | *13990* |
| *Културни Центри* | *3696* |
| *ЈКП Гази Баба 2007* | *175* |
| *Општински бараки* | *2313* |
| *Објекти на МЗ и УЗ (8 објекти)* | *1224* |
| *Објекти за комерцијални намени во сопственост на општината* | *2627* |
| *Општински фудбалски терени* | *97600* |
| *Општински спортски сали* | *2800* |
| | |
| ***Неразвиени површини на земјиште - м²*** | ***4500000*** |
| ***Инфраструктура - км¹*** | ***215*** |
| *Асфалтирани локални улици* | ***140*** |
| *Тампонирани локални улици* | ***75*** |
| ***Возен парк (број на возила)*** | ***14*** |
| ***Улично Осветлување (број на светилки)*** | ***7051*** |

[163] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, 2019г.

# 9. ФИСКАЛЕН КАПАЦИТЕТИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Слика 115**: Фискален капацитет со вклучени блок дотации на општина Гази Баба, 2010 – 2019 година[164]




**Слика 116**: Фискален капацитет без вклучени блок дотации на општина Гази Баба, 2010 – 2019 година[165]




[164] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, Буџет на ОГБ 2010 - 2019г.
[165] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, Буџет на ОГБ 2010 – 2019г.

- Фискалниот капацитет на општина Гази Баба со вклучени блок дотации во периодот 2010 – 2019 година има континуирана прогресивна линија, и расте од 556 милиони денари во 2010 година на 890 милиони денари, со **раст од 60%;**
- Фискалниот капацитет на општина Гази Баба без вклучени наменски и блок дотации во периодот 2010 – 2019 година исто така има континуирана прогресивна линија, и расте од 235 милиони денари во 2010 година на 488 милиони денари, со **раст од 107,7 %;**
- Блок дотациите во периодот 2010 – 2019 година релативно побавно но континуирано растат, и се движи од 319 милиони денари во 2010 година, до 403 милиони денари во 2019 година, со **раст од 26 %;**
- Даночните приходи растат континуирано прогресивно во периодот 2010 – 2019 година, и се движат од 144 милиони денари во 2010 година, прогресивно растејќи на 381 милиони денари во 2019 година, со **раст од 164,5 %**;
- Приходите од трансфери исто така растат континуирано прогресивно во периодот 2010 – 2019 година, со пораст од 69 милиони денари, движејќи се од 49,4 милиони денари во 2010 година на 118,5 милиони денари во 2017 година, со **раст од 139,8%,** за потоа да паднат на 40,7 милиони денари во 2019 година **или пад од 65,6 %** во однос на 2017 **;**
- Неданочните приходи (со вклучени самофинансирачки активности) бележи благ пад во периодот 2010 – 2019 година, движејќи се во опсегот од 35,6 милиони денари во 2010 година до 33,9 милиони денари во 2019 година, со **пад од 4,8 %**;
- Капиталните приходи имаат изразена флуктација на раст и опаѓање во периодот 2010 – 2019 година, со флуктуирачки раст во периодот 2012 – 2016 година кој се движи од 48 милиони денари до 54,3 милиони денари, и драстичен пад на овие приходи во 2010 година – 4,6 милиони денари, 2011 година – 6 милиони денари, во 2017 година 12,9 милиони денари и во 2019 година 29,3 милиони денари;

**Слика 117**: Фискални индикатори per capita во ОГБ во денари, 2010 – 2019г.[166]




[166] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, 2020г.

- Фискалните приходи per capita имаат растечка линија, и се движат како што следува:
  - Данокот на имот расте во опсег од 697 денари во 2010г., до 1101 денари во 2019г.;
  - Вкупно сопствените приходи растат во опсег од 1905 денари во 2010г., до 4981 денари во 2019г.;
  - Фаскалниот капацитет со вклучени блок дотации е во опсег од 7239 денари во 2010г., до 11639 денари во 2019г.;
  - Фискалниот капацитет без дотации е во опсег од 3070 денари во 2010г.,до 6375 денари во 2019г.;

**Слика 118**: Вкупно приходи на општина Гази Баба, 2016 – 2020 година[167]




**Слика 119**: Вкупно расходи на општина Гази Баба, 2016 – 2020г.[168]




[167] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, Буџет на ОГБ 2016 – 2020г.
[168] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, Буџет на ОГБ 2016 - 2020г.

**Слика 120**: Вкупно дотации, кредити, донации и самофинансирачки активности во општина Гази Баба, 2016 – 2020 година[169]




[169] Сектор за ЛЕР и ИКР на ОГБ, Буџет на ОГБ 2016 - 2020г.

# 10. СВОТ АНАЛИЗА

Врз основа на просторниот план, профилот на демографијата, граѓаните, бизнисите и работната сила ЛЕР тимот на ОГБ ја донесе следната СВОТ анализа на ОГБ:

**Внатрешни фактори**

1. **Економски развој**
   a. **Силни страни**
      i. Добра географска местоположба.
      ii. Сообраќајна поврзаност (крстопат на Е10 и Е8, железничка пруга, заобиколница, близина на аеродром).
      iii. Извозно ориентирани компании лоцирани во ОГБ
      iv. Потенцијалите на новата индустриска зона околу заобиколницата.
      v. EAST GATE – СМАРТ СИТИ ПРОЕКТ
      vi. Потенцијалите на Спортско рекреативните зони Железара, Гази Баба и Хиподром.
      vii. Изградени примарни гасоводни коридори
      viii. Можност за транзитен туризам.
      ix. Конзумен, образовен, институционален и финансиски потенцијал на метрополата.
      x. Нова населба Хиподром II за околу 5000 жители.
      xi. Близина на царинските терминали.

   b. **Слаби страни**
